Локален младински совет на Општина Охрид

Република Северна Македонија
Единица на локална самоуправа
Бр. 08-3898/4
27.03 2024 год.
Охрид

# З А П И С Н И К

Од **седница** на Локален младински совет, оддржана на **04.10.2023** со почеток во **19:00 часот**, во просториите на **Младински центар Охрид**.

Присутни:

1. Игор Јосифоски
2. Александар Стојановски
3. Кети Маркоска
4. Стефанија Битолкоска
5. Петар Сарафилоски
6. Александар Бојчовски
7. Калина Стојаноска

Претседателот на Локалниот младински совет ја отвори **четвртата седница** на Локалниот младински совет. Вкупно беа присутни 7 членови.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Записникот од претходната седница на ЛМС;
2. Поправка на грешки при пишување на иницијативите;
3. Договор и координација за наредни активности;
4. Разно;

Се гласаше за дневниот ред и истиот се усвои со сите гласови за.

Scanned with CamScanner

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

**Прва точка -** Усвојување на Записникот од претходната седница на ЛМС;

- На почетокот на седницата се гласаше за усвојување на Записникот од претходната седница на Локалниот младински совет.

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

Се констатира дека Записникот е усвоен.

**Втора точка -** Поправка на грешки при пишување на иницијативите;

- Поради промена на околности, Локалниот младински совет продискутира за спроведување на иницијативите во наредните месеци и беа коригирани забелешките со цел подобрување и поголем ефект од истите.

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

**Трета точка -** Договор и координација за наредни активности;

- Членовите на Локален младински совет по утврдување на идната агенда на активности од самите иницијативи, а и индивидуалните активности направи кординациски план. Целта на овај план е организирано и беспрекорно течење на истите активности.

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

**Четврта точка** – Разно;

- Под оваа точка се дискутираше за досегашната работа на ЛМС и како тоа да се подобри со цел ефикасност и успешност.

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

Scanned with CamScanner

Дневниот ред беше исцрпен.

Со тоа заврши четвртата седница на Локалниот младински совет.

- Седницата се оддржа во присуство на службеникот за млади.

Претседател на Локален младински совет

Игор Јосифоски

ОХРИД

Scanned with CamScanner